# Вечер ќе дојде младо невешче




Вечер ќе дојде младо невешче,
Ке го питаме, ќе го прашаме,

Што бело пере, што црно носе,
Дал татко жала, ил' мајка плаче?

Ни татко жала, ни мајка плаче,
Оно си жала првото либе,
Првото либе, млади Стојана.

Збор зборуејќи, коњот на врата,
Коњот си дојде, Стојан го нема,
Коњот ми носе шиклото седло.

На седло има шарена торба,
У торба има белата книга,
Белата книга, црното писмо.

Црното писмо жално ми пише,
Ти да се мажиш, мен' да не чекаш,
Јас ќе се женам за црна земја!
Јас ќе се женам за Македонија!

Пеел Геле Јанков од село Рожден—Тиквешко 1938 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.